ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ ЗА 2018 ГОДИНА НА ДРЖАВНИОТ ИСПИТЕН ЦЕНТАР СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (603)

01 2019 05 07/1

**Скопје, февруари 2020 година**

# Содржина


| Опис | Страна |
|---|---|
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 12 |
| **Финансиски извештаи за 2018 и 2017 година** | |
| Биланс на приходи и расходи | 13 |
| Биланс на состојба | 14 |
| Преглед на промени на извори на капитални средства | 15 |
| **Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи** | |
| Вовед | 16 - 21 |
| Сметководствени политики | 21 - 22 |
| Образложенија кон финансиските извештаи | 23 - 29 |

Прилози:
- Забелешки на Нацрт извештај
- Одговор на забелешки

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број: 14-310/1
Дата: 17.02.2020

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Државниот испитен центар ( во натамошниот текст ДИЦ), сметка на основен буџет (603), за 2018 година.

За 2018 година, ревизијата изрази неповолно мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и мислење со резерва за усогласеност со законите и прописите.

Ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Државниот испитен центар, сметка на основен буџет (603), во изминатиот период кој му претходи на периодот предмет на ревизија не е вршена.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност кај Државниот испитен центар, сметка на основен буџет (603), за 2018 година констатирани се одредени состојби и тоа:

- отстапување на состојбите од сметководствената евиденција со состојбите/износите искажани во Билансот на состојба по годишната сметка за 2018 година;
- за водење на сметководствената евиденција правниот субјект во 2018 година, а и претходно има ангажирано лица по договор на дело без континуитет (во 2018 година три различни лица ја воделе сметководствената евиденција);
- постои не усогласеност на одредбите од Статутот, актот за систематизација на работните места и Колективниот договор, донесени во правниот субјект;
- пресметка и исплата на платите и надоместоците на вработените кај правниот субјект не се во согласност со актите кои ја регулираат оваа материја;
- пописот не е изготвен согласно одредбите од Законот и Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници;

- набавената компјутерска опрема е евидентирана на сметката за нематеријални средства;
- не се води евиденција за набавката и трошењето на канцелариски и други материјали.

Во насока на надминување на утврдените состојби, ревизијата даде препораки со цел преземање на мерки за надминување на истите.

Во делот на останати прашања истакнуваме одредени системски слабости кои се однесуваат на начинот на уредување на исплатата на платите кај Државниот испитен центар и нерешеното просторно прашање.

Од страна на директорот на Државниот испитен центар, на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, доставени се забелешки кои се разгледана и е оценето дека истите претставуваат известување за причините за настанатите проблеми кај субјектот во делот на сметководствената евиденција.

## 1. Вовед

1.1 Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи од страна 12 до 14 и ревизија на усогласеност на Државниот испитен центар, сметка на основен буџет (603), за 2018 година, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходите и расходите за годината која завршува со тој датум, Преглед на промените на изворите на капиталните средства за 2018 година, применетите сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2 Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2019 година, согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3 Досега не е вршена ревизија и не е издаден извештај за ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Државниот испитен центар на сметката на основен буџет (603).

1.4 Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Неџмедин Садику, в.д. директор од 03.08.2017 до 20.02.2018 година,
- Елвин Хасан, заменик директор од 21.02. до 18.06.2018 година и
- д-р Лидија Ѓошевска, в.д. директор од 19.06.2018 година, а директор од 04.12.2018 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5 Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива,

упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цел, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1 Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната

законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2 Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија.

2.3 Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена (со прекини) во периодот од 08.07. до 30.09.2019 година , кај Државниот испитен центар, од тим на Државниот завод за ревизија во состав:

- м-р Лилјана Стојанова - помошник на главниот државен ревизор и овластен државен ревизор,
- Бранко Смилевски - раководител на ревизија и овластен државен ревизор,
- Петре Гаврилов - самостоен ревизор и овластен државен ревизор,
- Халит Рамадани - ревизор и
- м-р Иван Дионисиев - помлад ревизор.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 09.10.2019 година.

На 21.01.2020 година, од страна на директорот на Државниот испитен центар доставени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, заведени во Државниот завод за ревизија под број 14-187/1 од 28.01.2020 година. Забелешките се однесуваат на проблеми при искажувањето на состојбите на материјалните и нематеријалните средства. Истите се разгледани и е оценето дека претставуваат известување дека поради бришење на податоци за материјалните и нематеријалните средства од страна на програмерот, кој ја одржувал програмата, е оневозможено правилно и точно искажување на состојбата на истите.

### Констатирани се следните состојби:

### 3.1. Усогласеност со закони и прописи

3.1.1. Во врска со Статутот, актот за систематизација на работните места и Колективниот договор, донесени во ДИЦ, како и начинот на пресметка и исплата на платите и надоместоците на вработените во ДИЦ, ревизијата ги констатира следните состојби:

- врз основа на член 7 од Законот за Државниот испитен центар, во октомври 2009 година донесен е Статут на ДИЦ . Со измената на Законот за државниот

испитен центар од 2016 година не е направено усогласување на Статутот во делот на именувањето на директорот. Имено со Законот е регулирано дека директорот на предлог на министерот за образование и наука го именува и разрешува Владата на РМ, а со Статутот е уредено дека директорот се избира и разрешува од страна на Управниот одбор;

- Во член 3 од Колективниот договор, донесен во декември 2009 година, со измени и дополнувања во 2015 и 2018 година, за пресметка и исплата на платите на вработените во Центарот, вклучени се директорот и заменик директорот на ДИЦ, иако истите се избрани и именувани лица од страна на Владата на РМ, согласно член 9 од Законот за Државниот испитен центар. Ваквата одредба предвидена во Колективниот договор, не е во согласност со значењето и улогата на самиот Колективен договор, со кој треба да се уредуваат правата, обврските и одговорностите на работниците од работен однос во ДИЦ, а истиот е потпишан помеѓу две договорни страни, и тоа директорот на ДИЦ и ополномоштен претставник на вработените. Согласно член 2 од Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во РМ, Владата на РСМ ја утврдува платата на функционерите и на раководните работници кои ги именува или назначува;
- На вработените во ДИЦ им се исплаќа додаток на плата за прекувремена работа согласно Општиот колективен договор за јавниот сектор. Со извршениот увид во пресметката на платите на административните службеници во ДИЦ, ревизијата констатира дека во делот на пресметката на додатокот за прекувремена работа, како основица покрај основната плата, се зема предвид и додатокот за стаж, односно минатиот труд. Ова не е во согласност со член 13 и член 17 од Општиот колективен договор и има за ефект исплата на поголеми средства од реалните, а со тоа и поголеми трошоци по основ на додаток за прекувремена работа.

Не преземените активности за изменување и дополнување на интерните акти и нивно усогласување со важечките законски прописи и Општиот колективен договор за јавниот сектор, овозможува нецелосно уредување на меѓусебните права и обврски помеѓу работодавачот и вработените. Ваквата состојба има за ефект несоодветни исплати на плати и надоместоци на вработените кои се административни, односно јавни службеници.

**Препорака:**

Одговорното лице на Државниот испитен центар да преземе активности за усогласување на Статутот и Колективниот договор со Законот за државниот испитен центар и пресметката и исплатата на плати да ја врши согласно позитивните законски прописи.

3.1.2. Набавките на разни канцелариски и други материјали и резервни делови за потребите на Државниот испитен центар не се евидентираат во сметководствената

евиденција преку сметките за Материјали на залиха и Резервни делови на залиха, освен што е воспоставена евиденција за ситвиот инвентар. За истите не се врши материјално задолжување и раздолжување што не е во согласност со одредбите од член 2 од Законот и член 3 став 2 од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и член 28 и 29 од Правилникот за содржината на одделните сметки од сметковниот план за буџетските корисници. Причина е воспоставената пракса од минати години и невоведена сметководствена евиденција за набавките, потрошокот и евентуалните залихи на непотрошени материјали и резервни делови на крајот на годината.
Невоспостваената сметководствена евиденција создава ризик од ненаменско користење на истите и има влијание на реално и објективно искажување на позицијата залихи во Билансот на состојба.

Препорака:

Одговорните лица во Државниот испитен центар да преземат активности за воспоставување на сметководствена евиденција на извршените набавки и издавање на материјали и резервни делови.

### 3.2. Финансиски извештаи

### Биланс на состојба

3.2.1. Во Државниот испитен центар при вршењето на пописот со состојба на 31.12.2018 година, не се применети во целост одредбите од Законот и Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, бидејќи не е извршено усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со пописот, со што не е постапено согласно член 31 и 31-а од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Со ревизијата констатирани се состојби кои влијаат на целосноста и квалитетот на извршениот попис, а се однесуваат на тоа дека пописот на нематеријалните и материјалните средства и ситниот инвентар и пописот на залихите на материјали и резервни делови со состојба на 31.12.2018 година е извршен со утврдување само на фактичката состојба на количини најдени на лице место и наведени во пописните листи, без да бидат внесени и податоци за количините и вредноста според сметководствената евиденција, што не е во согласност со членот 31-а од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници каде се пропишани активностите кои ги врши пописната комисија.
Наведените состојби влијаат на реалноста и објективноста на извршениот попис, а со тоа и на искажаните состојби во сметководствената евиденција и финансиските извештаи за 2018 година.

**Препорака:**

Надлежните органи да преземат мерки и активности за спроведување на пописот на нематеријалните и материјалните средства и залихите на материјали и резервни делови на начин предвиден со Законот и Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.

3.2.2. На основа извршениот увид на состојбите искажани во сметководствената евиденција и состојбите од Билансот на состојба, како составен дел на обрасците од годишната сметка за 2018 година, со ревизијата се констатира дека постои значително отстапување на состојбите од сметководствената евиденција со состојбите/износите искажани во Билансот на состојба особено во делот на нематеријалните и материјалните средства при што во сметководствената евиденција на 31.12.2018 година искажана е состојба на сегашната вредност на нематеријалните и материјалните средства во износ од 1.110 илјади денари додека во Билансот на состојба сегашната вредност е искажана во вкупен износ од 6.928 илјади денари.

На крајот на 2018 година во сметководствената евиденција е извршено намалување на вредноста на нематеријалните средства за износ од 3.491 илјада денари и на опремата за износ од 1,574 илјади денари и намалување на вредноста на Деловниот фонд – државниот капитал за износ од 5.065 илјади денари, без валиден и веродостоен документ кој би значел утврден кусок по попис, одлука на органот на управување за евентуално расходување, ставање надвор од употреба или друг вид на намалување на вредноста на опремата.

За разлика од тоа во Билансот на состојба искажана е сегашна вредност на нематеријалните и материјалните средства во износ од 6.928 илјади денари при што се користени податоци од документ за состојбата на нематеријалните и материјалните средства изготвен од страна на лице ангажирано за изготвување на програма за водење на овие средства.

Во текот на вршењето на ревизијата направен е обид, односно предложено е од ревизијата да се утврди реалната состојба и да се изврши соодветна исправка/ книжење како би се усогласила состојбата прикажана во сметководствената евиденција и позициите од Билансот на состојба, но од страна на лицето ангажирано за изготвување на годишната сметка истото не е прифатено.

За водење на сметководствената евиденција правниот субјект во 2018 година, а и претходно, има ангажирано лица по договор на дело. Во текот на 2108 година сметководствената евиденција е водена од три лица по договор за дело во различен период од годината, а за изготвувањето на годишната сметка е ангажирано друго лице, исто по договор за дело. Ваквиот несоодветен однос кон оваа активност во субјектот придонело за наведените состојби.

Исто така во текот на 2018 година, на барање на надлежните од Државниот испитен центар, а во врска со користење и одржување на програмскиот софтвер и состојбата на губење на податоци, од страна на вешто лице извршено е вештачење при што се

констатирани состојби кои имаат влијание на неусогласеност на состојбите искажани во сметководствената евиденција на правниот субјект, односно е констатирано дека од давателот на услугата на програмскиот софтвер не е правено редовна заштита на програмите и податоците или пак тие заштити не биле квалитетни и целосни за да од истите потоа може да се вратат изгубените податоци, а согласно Првилник за техничките и организационите мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци. На крајот на извештајот од вештачењето е констатирано дека давателот на услугите за компјутерскиот софтвер, нецелосно и ненавремено ги извршувал обврските од склучениот Договор за користење и одржување на програмскиот софтвер.
Сето тоа придонело за неусогласеност на смеководствената со фактичката состојба, која состојба е присутна и во текот на ревизијата.

**Препораки:**
Директорот на Државниот испитен центар да преземе мерки за:

- ангажирање на стручни лица за водење на сметководствената евидеција во редовен работен однос и
- да се изврши усогласување на сметководствената со фактичката состојба на средствата.

3.2.3. Состојбата на сметката нематеријални средства искажана е во поголем износ од 225 илјади денари, а состојбата на сметката материјални средства – опрема во помал износ од 225 илјади денари поради погрешно евидентирање на набавена компјутерска опрема, што не е во согласност со Правилникот за содржината на сметките од сметковниот план за буџетите и буџетските корисници. Од страна на лицето изготвувач на годишната сметка за 2018 година по предлог на ревизијата, не е прифатено да се изврши исправка во текот на ревизијата. Истото има за ефект неточно искажани состојби во сметководствената евиденција и Билансот на состојба за 2018 година.

**Препорака:**
Надлежните од сметководството да извршат прекнижување на износот за набавена компјутерска опрема од сметката на нематеријални средства на сметката на материјални средства – опрема.

**Основ за изразување на мислење**

Вкупниот ефект од изнесените наоди, кои се основ за изразување мислење, во точките од 3.1. и 3.2. се однесува на:

- не усогласеност на одредбите од Статутот, актот за систематизација на работните места и Колективниот договор,

- пресметка и исплата на платите и надоместоците на вработените кај правниот субјект не се во согласност со актите кои ја регулираат оваа материја,
- отстапување на состојбите од сметководствената евиденција со состојбите/износите искажани во Билансот на состојба по годишната сметка за 2018 година,
- попис кој не е изготвен согласно одредбите од Законот и Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и
- не се води евиденција за набавката и трошењето на канцелариски и други материјали.

4. Ревизорско мислење

Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.2. финансиските извештаи не ги претставуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на сметката на основен буџет (603) на Државниот испитен центар на ден 31 декември 2018 година како и резултатите на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точката 3.1. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на сметката на основен буџет (603) на Државниот испитен центар за 2018 година, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

5. Останати прашања

5.1. Платите во ДИЦ се пресметуваат согласно бодови утврдени во Колективниот договор на ниво на работодавач и Одлука за утврдување на вредноста на бодот на платите на вработените донесена од страна на директорот на ДИЦ во 2010 година. Ваквото решение во 2010 година произлегува од тогаш важечкиот Закон за државни службеници ( Сл. Весник на РМ бр. 59/2000. 34/01......106/13) согласно членот 3-а, во кој е регулирано дека ( *„Одредени прашања поврзани со правата, обврските и одговорностите на вработените во .........агенциите, дирекциите, регулаторните тела и другите институции во кои со закон е формиран управен одбор...... можат да бидат уредении со закон, на начин различен од овој закон, ако тоа е неопходно поради специфичната природа на работните задачи и посебноста на извршувањето на посебните*

*должности и овластувања".")* Со член 5, став 2 од Колективниот договор е уредено правото дека на вработените во ДИЦ им припаѓа додаток на основната плата во износ од 25 бодови за стекнато звање магистер на науки од соодветно научно подрачје и 50 бодови за стекнато звање доктор на науки од соодветно научно подрачје.

Со донесување на Законот за административи службеници (Сл.весник на РМ бр. 27/2014 ............) како и со измената на Законот за државниот испитен центар од 2014 година со одредбите од член 14 б е утврдено „*За вработените во Државниот испитен центар кои вршат административни работи се применуваат одредбите од Законот за административните службеници и Законот за вработените во јавниот сектор, а за вработените кои вршат помошно-технички работи се применуваат одредбите од Закон за вработените во јавниот сектор и Законот за работните односи.*" Имајќи предвид дека вработените во ДИЦ се административни службеници, оваа одредба не е во согласност со Законот за административни службеници, каде делот на плата за степенот на образование кој е законски минимум за соодветното работно место е даден во бодови за највисокото ниво на квалификации VI А или 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен.

Согласно член 3 од Законот за административни службеници, вработените во Државниот испитен центар се административни, односно јавни службеници и согласно одредбите од Законот за вработените во јавниот сектор и Законот за административни службеници, заменик директорот има донесено Правилник за систематизација на работните места во Државниот испите центар (ДИЦ), усогласен со законските измени и одобрен од страна на Управниот одбор и Министерството за информатичко општество и администрација. Со законот за административни службеници, дефинирани се компонентите на платата на службениците, и утврдени се бодови за ниво на квалификации/образование и бодови за нивото на кое е распореден административниот службеник. Согласно член 88, став 3 од Законот за административни службеници, вредноста на бодот за пресметување на платите на јавните службеници треба да се утврдува секоја година со одлука на основачот (во случајот на ДИЦ – Владата на РСМ). Во услови кога таква одлука не е донесена од страна на Владата (Владата има донесено одлука за вредност на бод за државните службеници, а согласно законот вредноста на бодот на јавните службеници не може да биде повисока од вредноста на бодот на државните службеници), платите во ДИЦ се пресметуваат согласно бодови утврдени во Колективниот договор на ниво на работодавач и Одлука за утврдување на вредноста на бодот на платите на вработените донесена од страна на директорот на ДИЦ во 2010 година.

5.2. Државниот испитен центар е сместен во барака 3 на поранешното средно училиште "Гоце Делчев" Скопје во населбата Капиштец. За користење на деловните простории во кој е сместен и ја обавува дејноста правниот субјект нема документација договор, одлука или друг акт од надлежен орган. Во неколку наврати од 2016 и 2017 година, со писмени дописи од страна на Државниот испитен центар

упатени до надлежните органи Министерство за образование и наука, Служба за општи и заеднички работи при Влада на Република Северна Македонија е побарано решавање на просторните услови за сместување и обавување на дејноста на овој правен субјект, но според добиени повратни одговори од истите прашањето сеуште не е решено и Државниот испитен центар и понатаму останува да работи во постоечките простории.

# Државен испитен центар

## Сметка на основен буџет (603)

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2018 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло жение | 2018 | 2017 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | 3.1. | | |
| Трансфери и донации | 3.1.1. | 38.498 | 46.603 |
| **Вкупно приходи** | | **38.498** | **46.603** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | 3.2. | | |
| Плати и надоместоци | 3.2.1. | 16.035 | 16.588 |
| Стоки и услуги | 3.2.2. | 20.821 | 25.800 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.3. | 60 | 76 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **36.916** | **42.464** |
| **Капитални расходи** | 3.3. | | |
| Капитални расходи | 3.3.1. | 1.582 | 4.139 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **1.582** | **4.139** |
| **Вкупно расходи** | | **38.498** | **46.603** |

Образложенијата од страна 16 до 29 се составен дел на финансиските извештаи

Државен испитен центар

Сметка на основен буџет (603)

# БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2018 | 2017 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | 4.1. | | |
| Активни временски разграничувања | 4.1.1. | 1.695 | 6.740 |
| **Вкупно тековни средства** | | **1.695** | **6.740** |
| **Постојани средства** | 4.2. | | |
| Нематеријални средства | 4.2.1. | 3.491 | 7.690 |
| Материјални средства | 4.2.2. | 3.437 | 3.431 |
| **Вкупно постојани средства** | | **6.928** | **11.121** |
| **Вкупна актива** | | **8.623** | **17.861** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | 4.3. | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 409 | 5.387 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.2. | 1.286 | 1.353 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **1.695** | **6.740** |
| **Извори на средства** | 4.4. | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 6.928 | 11.121 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **6.928** | **11.121** |
| **Вкупна пасива** | | **8.623** | **17.861** |

Образложенијата од страна 16 до 29 се составен дел на финансиските извештаи

Државен испитен центар
Сметка на основен буџет (603)

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2018 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Вкупно |
|---|---|---|
| Состојба 01.01.2018 година | 11.121 | 11.121 |
| Зголемување по основ на: | - | - |
| Набавки | - | - |
| Состојба 31.12.2018 година | 11.121 | 11.121 |

Образложенијата од страна 16 до 29 се составен дел на финансиските извештаи

# 1. ВОВЕД

## 1.1. Запознавање со субјектот

Државниот испитен центар е надлежен за организирање и спроведување на екстерно оценување на постигањата на учениците во основното и средното образование, за оспособување на кандидати за директори, како и полагање на испитот за директори во основните и средните училишта.

## 1.2. Делокруг на работење на субјектот

Основната надлежност на Државниот испитен центар произлегува од Законот за државниот испитен центар, каде што согласно член 3, ДИЦ е надлежен да:

- дава поддршка на процесот на екстерното проверување на постигањата на учениците и наставниците во основните и средните училишта,
- подготвува национална програма за евалуација на основното и средното образование согласно со европските стандарди,
- подготвува национален акционен план и динамика на евалуација согласно со програмата од алинејата 2 на овој член,
- подготвува програма за екстерна евалуација на основното и средното образование,
- подготвува акционен план и динамика на екстерната евалуација согласно со програмата од алинејата 4 на овој член,
- изготвува тестови за екстерното проверување на постигањата на учениците во основното и средното образование на предлог на Бирото за развој на образованието и Центарот за стручно образование и обука,
- изготвува генерален распоред за проверување на постигањата на учениците по предметите во основното и средното образование на предлог на Бирото за развој на образованието и Центарот за стручно образование и обука, најдоцна до 15 декември во тековната учебна година,
- го развива и одржува информацискиот систем за вреднување на постигањата на учениците во основното и средното образование,
- подготвува план за обука и врши обука на училишните комисии за екстерното проверување на постигањата на учениците во основното и во средното образование,
- ги прибира, обработува и врши анализа на резултатите од проверувањето на постигањата на учениците во основното и средното образование,
- врз основа на извештаите од училишните комисии за екстерната евалуација и евалуацијата на професионалните досиеја на стручните соработници од основните и средните училишта изготвува годишен извештај со ранг-листи за работата на наставниците и стручните соработници,
- ги доставува изготвените годишни извештаи со ранг-листите од алинејата 11 на овој член до Министерството, Бирото за развој на образованието и Центарот за стручно образование и обука,

- изготвува национален извештај за работата на наставниците и стручните соработници од основните и средните училишта согласно со резултатите од екстерното проверување, самоевалуација, интегралната евалуација и евалуација на професионалните досиеја и го доставува до Министерството. Националниот извештај за работата на наставниците и стручните соработници од основните и средните училишта го објавува министерот надлежен за образование (во натамошниот текст: министерот),
- учествува во подготовка на концепцијата за матура и завршен испит во средното образование,
- изготвува тестови за екстерните испити во државната матура,
- го развива и одржува информацискиот систем за вреднувања на постигањата на учениците на екстерните испити во државната матура,
- ги објавува на својата веб страница испитните програми, информациите и други материјали за државната матура, училишната матура и завршниот испит,
- подготвува стручни материјали и врши обука на наставниците во врска со оценувањето на постигањата на учениците на испитите од матурата и завршниот испит,
- определува локални координатори и тестатори за реализација на екстерните испити во државната матура,
- определува оценувачи за вреднувањето на постигнувањата на учениците на екстерните испити во основното и средното образование, како и на екстерните испити во државната матура,
- формира државни предметни матурски комисии,
- врши обука на членовите на државните предметни матурски комисии,
- врши обука на претседателите и на секретарите на училишните матурски комисии,
- врши организациски и технички задачи за спроведувањето на екстерните испити на државната матура,
- ја координира работата на училишните матурски комисии,
- обезбедува заштита на тајноста на подготовката, печатењето, дистрибуцијата и чувањето на испитниот материјал,
- врши обука на кандидатите за директори на основни и средни училишта,
- му предлага на министерот Програма за подготвување и полагање на испит за директор на основни и средни училишта,
- го спроведува испитот за директори на основни и средни училишта,
- издава уверенија на кандидатите кои го положиле испитот за директори на основни и средни училишта,
- врши стручно-административни и финансиски работи за потребите на Државниот матурски одбор и државните предметни матурски комисии,
- издава стручна литература од делокругот на своето работење и
- врши и други работи утврдени со закон и со статутот на Државниот испитен центар.

### 1.3. Финансиски податоци за субјектот

Центарот своето редовно работење го извршува преку:

- Сметката на основен буџет - 603 и
- Сметката од самофинансирачки активности – 787 .

Овластени потписници на сметката се:

- Неџмедин Садику, в. д. директор од 03.08.2017 до 20.02.2018 година,
- Елвин Хасан, заменик директор од 21.02. до 18.06.2018 година и
- д-р Лидија Ѓошевска, в. д. директор од 19.06.2018 година, а директор од 04.12.2018 година.

Седиштето на центарот е на ул. Васил Ѓоргов бб, 1000, Скопје.

### 1.4. Организациони облици

Со Правилникот за систематизација на работните места во Државниот испитен центар од 24.04.2018 година, се утврдува вкупниот број, распоред и опис на работните места, распоредени по организациски единици, согласно Правилникот за внатрешна организација и работа на Државниот испитен центар.

Во Центарот, хиерархиската поставеност е утврдена на следните нивоа:

- директор,
- заменик на директорот,
- сектори и
- одделенија.

Во Центарот се формирани четири основни организациони единици и тоа:

- Сектор за испити, оценувања и издавачка дејност;
- Сектор за обуки и информатичка обработка на податоци;
- Одделение за нормативно-правни, административни и општи работи и
- Одделение за финансиски прашања.

1. Секторот за испити, оценувања и издавачка дејност се состои од две одделенија и тоа:

- Одделение за испити, оценувања и истражувања и
- Одделение за издавачка дејност.

2. Секторот за обуки и информатичка обработка на податоци се состои од две одделенија, и тоа:

- Одделение за обуки и

- Одделение за организација и информатичка обработка на податоци.

## 1.5. Управување и раководење со Државниот испитен центар

Орган на управување во Центарот е Управниот одбор.

Со Државниот испитен центар управува Управниот одбор.

Управниот одбор се состои од седум члена од кои еден е претседател, и тоа: по два члена од редот на вработените во Државниот испитен центар и од Бирото за развој на образованието и по еден член од Министерството за образование и наука, Центарот за стручно образование и обука и од Интеруниверзитетската конференција.

Претседателот и членовите на Управниот одбор ги именува и разрешува Владата на Република Македонија имајќи ја предвид соодветната и правична застапеност на припадниците на заедниците на чии јазици и писмо се остварува наставата во основното и средното образование.

Претседателот и членовите на Управниот одбор се именуваат со мандат од шест години и можат уште еднаш повторно да бидат именувани.

Управниот одбор на Државниот испитен центар ги има следниве надлежности:

- го донесува статутот на Државниот испитен центар,
- ја донесува годишната програма за работа на Државниот испитен центар и ја доставува до Министерството за образование и наука и до Владата на Република Македонија најдоцна до 31 јануари,
- ја донесува завршната сметка,
- го донесува годишниот извештај за работењето на Државниот испитен центар и го доставува до Министерството за образование и наука и до Владата на Република Македонија најдоцна до 31 јануари,
- дава согласност на актите за организација и работа и систематизација на работните места на Државниот испитен центар,
- одлучува по приговорите во врска со работниот однос на вработените во Државниот испитен центар,
- донесува Деловник за својата работа и
- врши други работи утврдени со Статутот.

**Орган на раководење во Центарот е Директорот.**

Со работата на Државниот испитен центар раководи директор.

Директорот на предлог од министерот за образование и наука го именува и разрешува Владата на Република Македонија

За избор на директор се објавува јавен оглас во најмалку три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Македонија од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

Директорот на Државниот испитен центар ги врши следниве работи:

- раководи со работата на Државниот испитен центар,
- го претставува и застапува Државниот испитен центар,
- ги предлага годишната програма за работа на Државниот испитен центар, статутот и завршната сметка,
- го предлага годишниот извештај за работата на Државниот испитен центар,
- ја организира реализацијата на годишната програма,
- ги донесува актите во врска со работниот однос на вработените,
- формира комисии,
- врши избор на локални координатори, тестатори и оценувачи,
- врши избор на преведувачи и на независни читачи на испитниот материјал,
- склучува договори со локалните координатори, тестатори, оценувачи и други надворешни соработници за нивните права и обврски,
- ги спроведува процедурите за надзор и контрола на тајноста на подготовката, печатењето, дистрибуцијата и чувањето на испитниот материјал,
- одговара за материјално-финансиското работење и законитоста на работите од негова надлежност и
- врши други работи утврдени со закон и Статутот.

### 1.6. Законска рамка од областа на дејноста на субјектот:

- Закон за Државниот испитен центар
- Закон за обука и испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење.

### 1.7. Подзаконски акти:

- Правилник за начинот на полагање и оценување на резултатите на учениците на испитите во државна матура во гимназиското, стручното и средното уметничко образование
- Правилник за изменување на правилникот за начинот на полагање и оценување на резултатите на учениците на испитите во државна матура во гимназиското, стручното и средното уметничко образование
- Правилник за начинот на полагањето и оценувањето на резултатите на учениците на испитите од завршниот испит во средното стручно образование со четиригодишно траење
- Правилник за изменување на правилникот за начинот на полагање и оценување на резултатите на учениците на испитите во државна матура во гимназиското, стручното и средното уметничко образование

- Правилник за начинот на полагањето и оценувањето на резултатите на учениците на испитите од училишна матура во гимназиското образование

## 1.8. Интерни акти на субјектот:

- Упатство за работното време во Државниот испитен центар;
- Упатство за благајничко работење;
- Процедура за отпочнување и спроведување на постапки за јавни набавки и подготовка , склучување и реализација на договори на стоки, услуги и работи;
- Процедури за склучување договори за повремени (привремени работи);
- Правилник за начинот, постапката и критериумите за избор на соработници и утврдување на висината на авторските надоместоци и надоместоците за други услуги;
- Упатство за начинот на користење на службените моторни возила на Државниот испитен центар;
- Одлука за утврдување на месечниот износ на репрезентација во Државниот испитен центар;
- Одлука за определување на правото на користење на службени сим картички и за ограничување на износот на сметката;
- Правилник за процедури на контрола на сметководствената документација.

## 2. СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

### Признавање на приходи и расходи

2.1. Признавањето на приходите и другите приливи во Државниот испитен центар - сметка на основен буџет (603) во Билансот на приходи и расходи се спроведува според сметководственото начело на парично искажување (готовинска основа) во периодот во кој настанале и се наплатени до 31 декември во тековната фискална година, според критериумот на мерливост и расположливост.

2.2. Проценети приходи во Билансот на приходи и расходи се приходите остварени по видови и извори согласно Законот за буџетите и Правилникот за класификација на приходите.

2.3. Расходите и другите одливи во билансот на приходи и расходи се признаваат според сметководственото начело на парично искажување, во пресметковниот период во износ во кој е извршено плаќањето.

2.4. Проценетите расходи во Билансот на приходи и расходи се извршените расходи согласно Законот за буџетите и Правилникот за класификација на расходите.

2.5. Расходите ако не се извршени до денот на нивната пристигнатост за плаќање се искажуваат како активни временски разграничувања.

**Проценување на билансните позиции**

2.6. Државниот испитен центар - сметка на основен буџет (603) води посебно сметководство за средствата од буџетот, по системот на двојно сметководство, а според распоредот на сметките од сметковниот план на буџетските корисници.

2.7. Долгорочните и краткорочните средства се проценуваат по нивната набавна вредност зголемена со издатоците кои директно можат да се додадат на расходите за набавката.

2.8. Паричните средства на сметките и во благајните во домашна валута се проценуваат според нивниот номинален износ, а во странска валута по курсот на Народната банка на Република Македонија на денот на билансирањето.

2.9. Побарувањата и обврските се признаваат во висина на номиналната вредност искажани во сметководствениот документ според договорените износи.

2.10. Долгорочните средства чија поединечна вредност во моментот на набавката е пониска од 300 ЕВРА во денарска противвредност се класифицираат како расход и се отпишуваат еднократно во целина при набавката.

**Амортизација и ревалоризација**

2.11. Корисниот век на употреба односно отписот на вредноста на нематеријалните и материјални средства се спроведува со примена на годишните стапки за отпис согласно Правилникот за буџетите и буџетските корисници со праволиниска метода на отпис.

2.12. За износот на пресметаната амортизација се намалуваат нематеријалните и материјалните средствата и изворите на средствата.

2.13. Материјалните средства се амортизираат од првиот ден на наредниот месец откога тие средства почнале да се користат за вршење дејноста. Нематеријалните средства се амортизираат од првиот ден на наредниот месец откога тие средства се спремни за употреба.

2.14. Изворите на средства во билансот на состојба кај Државен испитен центар – сметка на основен буџет- 603 се проценуваат според утврдената вредност на стекнатиот:

- Државен - јавен капитал (постојани материјални и нематеријални средства);
- Останат капитал (залихите на материјалите, резервните делови, ситен инвентар и хартии од вредност);
- Ревалоризациона резерва;
- Долгорочни обврски и
- Извори на други средства

# 3. БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

## 3.1. Приходи

### 3.1.1. Трансфери и донации

Позицијата трансфери и донации е проценета во вкупен износ од 38.498 илјади денари, (2017 година – 46.603 илјади денари), средства кои се обезбедени од Буџетот на РМ, согласно одредбите од Законот за буџетите.

## 3.2. Тековни расходи

### 3.2.1. Плати и надоместоци

Оваа позиција е проценета во висина на исплатените износи, за средства кои се обезбедени од Буџетот на РМ согласно одредбите од Законот за буџетите, по следните основи:

- Основни плати, кои ги опфаќаат: Основните плати – други вработени и персонален данок на доход од плата;
- Придонеси за социјално осигурување од работодавачите, кои ги опфаќаат: придонеси за пензискиот фонд, придонеси за Фондот за здравство и придонеси за Агенцијата за вработување.

во 000 денари

| Опис | 2018 | 2017 |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| Плати и надоместоци | 11.700 | 12.110 |
| Придонеси за социјално осигурување | 4.335 | 4.478 |
| Вкупно: | 16.035 | 16.588 |

### 3.2.2. Стоки и услуги

Оваа позиција е проценета во висина на исплатените износи, за средства кои се обезбедени од Буџетот на РМ согласно одредбите од Законот за буџетите и тоа по следните основи:

- патни и дневни расходи, кои опфаќаат: патни расходи за патувања во земјата, како и хранарина (дневници) и патни расходи за патувања во странство;
- комунални услуги, греење, комуникација и транспорт кои опфаќаат расходи за: водовод и канализација, централно греење, пошта, телефон и телефакс, други трошоци за комуникација, горива и масла (моторни возила) и транспорт на стоки;
- материјали и ситен инвентар, кои опфаќаат расходи за: канцелариски материјали, списанија, весници и други изданија за користење од страна

на вработените, прехранбени продукти и пијалаци, средства за одржување на хигиена и други материјали;

- поправки и тековно одржување кои опфаќаат расходи за: поправки и сервисирање на лесни возила (вклучително резервни делови и гуми), одржување на згради, поправка и одржување на софтверска и хардверска опрема и поправка и одржување на машини и на друга опрема;
- договорни услуги кои опфаќаат расходи за: изнајмување на друг тип на простор, осигурување на моторни возила, правни услуги, дополнителни активности, други образовни услуги, консултантски услуги и други договорни услуги;
- други тековни расходи, кои опфаќаат: членарина во меѓународни организации, расходи за репрезентација, семинари и конференции, објавување на огласи и други оперативни расходи.

во 000 денари

| Опис | 2018 | 2017 |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| Патни и дневни расходи | 370 | 247 |
| Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 1,534 | 1,322 |
| Материјали и ситен инвентар | 1,740 | 1,510 |
| Поправки и тековно одржување | 678 | 899 |
| Договорни услуги | 11,708 | 19,528 |
| Други тековни расходи | 4,791 | 2,294 |
| **Вкупно:** | **20,821** | **25,800** |

### 3.2.3. Субвенции и трансфери

Оваа позиција е проценета во висина на исплатените износи, за средства кои се обезбедени од Буџетот на РМ и тоа по следните основи:

- трансфери при пензионирање и
- исплати по извршни исправи: главен долг, камата и трошоци по извршни исправи.

во 000 денари

| Опис | 2018 | 2017 |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| Разни трансфери | 47 | 46 |
| Исплати по извршни исправи | 13 | 30 |
| Вкупно: | 60 | 76 |

## 3.3. Капитални расходи

### 3.3.1. Капитални расходи

Оваа позиција е проценета во висина на исплатените износи, за средства кои се обезбедени од Буџетот на РМ согласно одредбите од Законот за буџетите и тоа по следните основи:

- купување на опрема и машини, што опфаќа купување на информатичка и друга опрема;
- други градежни објекти, што опфаќа реконструкција на други објекти;
- купување на мебел, што опфаќа купување на канцелариски мебел и
- вложувања и нефинансиски средства што опфаќа набавка на компјутерски софтвери.

во 000 денари

| Опис | 2018 | 2017 |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| Купување на опрема и машини | 1.110 | 897 |
| Градежни објекти | 113 | - |
| Купување на мебел | 199 | 149 |
| Вложувања и нефинансиски средства | 160 | 3.093 |
| Вкупно: | 1.582 | 4.139 |

# 4. БИЛАНС НА СОСТОЈБА

Актива

## 4.1. Тековни средства

### 4.1.1. Активни временски разграничувања

Оваа позиција е проценета во вкупен износ од 1.695 илјади денари во 2018 година (2017 година – 6.740 илјади денари), а според сметководствената евиденција за 2018 година изнесува 1.695 илјади денари (2017 година – 5.387 илјади денари) и се однесува на: неисплатените нето плати, даноци од плати и придонеси од плати на вработените за 12 месец 2018 година и неизмирените краткорочни обврски спрема добавувачите.

## 4.2. Постојани средства

### 4.2.1. Нематеријални средства

Оваа позиција е проценета во висина од 3.491 илјади денари во 2018 година (2017 година – 7.690 илјади денари), а според сметководствената евиденција за 2018 година искажана е пасивна состојба во износ од 168 илјади денари (2017 година – 7.690 илјади денари) се однесува на набавка на компјутерски софтвер.

### 4.2.2. Материјални средства

Оваа позиција е проценета во висина на 3.437 илјади денари во 2018 година (2017 година – 3.431 илјади денари), а според сметководствената евиденција за 2018 година изнесува 1.278 илјади денари (2017 година – 3.431 илјади денари) и се однесува за набавка на канцелариска и друга опрема.

Стапките на амортизација на материјалните средства се дадени во следната табела:

| Опис | Применети стапки во 2018 |
|---|---|
| Градежни објекти | 1-4% |
| Компјутери | 20% |
| Опрема и мебел | 10-20% |
| Возила | 12-25% |
| Опрема за ПТТ сообраќај | 14% |

Табела – состојби според податоци од Билансот на состојба

во 000 ден.

| Опис | Опрема | ВКУПНО |
|---|---|---|
| | 2 | 6 |
| **Набавна или ревалоризирана вредност** | | |
| Состојба на ден 01 Јануари 2018 | 26.933 | 26.933 |
| Зголемување во текот на годината | 2.634 | 2.634 |
| Намалување во текот на годината | (1.574) | (1.574) |
| Вкупни зголемувања: | 1.060 | 1.060 |
| Состојба на ден 31. Декември 2018 | 27.993 | 27.993 |
| **Исправка на вредноста** | | |
| Состојба на ден 01 Јануари 2018 | 23.502 | 23.502 |
| Амортизација за тековната година | 1.054 | 1.054 |
| Состојба на ден 31.Декември 2018 | 24.556 | 24.556 |
| Неотпишана вредност на постојаните средства 31.12.2018 | 3.437 | 3.437 |
| Неотпишана вредност на постојаните средства 31.12.2017 | 3.431 | 3.431 |

Табела – состојби според податоци од сметководството

во 000 ден.

| Опис | Опрема | ВКУПНО |
|---|---|---|
| | 2 | 6 |
| **Набавна или ревалоризирана вредност** | | |
| Состојба на ден 01 Јануари 2018 | 26.933 | 26.933 |
| Набавки во текот на годината | 885 | 885 |
| Намалување во текот на годината | (1.574) | (1.574) |
| Вкупни зголемувања: | (689) | (689) |
| Состојба на ден 31. Декември 2018 | 26.244 | 26.244 |
| **Исправка на вредноста** | | |
| Состојба на ден 01 Јануари 2018 | 23.502 | 23.502 |
| Амортизација за тековната година | 1.464 | 1.464 |
| Состојба на ден 31.Декември 2018 | 24.966 | 24.966 |
| Неотпишана вредност на постојаните средства 31.12.2018 | 1.278 | 1.278 |
| Неотпишана вредност на постојаните средства 31.12.2017 | 3.431 | 3.431 |

## Пасива

## 4.3. Тековни обврски

### 4.3.1. Краткорочни обврски спрема добавувачи

Оваа позиција е проценета во износ од 409 илјади денари во 2018 година (2017 година – 5.387 илјади денари) и се однесува на неизмирени обврски спрема добавувачите во земјата и странство и спрема граѓани.

### 4.3.2. Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените

Оваа позиција е проценета во вкупен износ од 1.286 илјади денари (2017 година – 1.353 илјади денари) и ја преставува вкалкулираната, а неисплатена плата за месец декември 2018 година.

## 4.4. Извори на средства

### 4.4.1. Извори на капитални средства

Оваа позиција е проценета според номиналната вредност на државниот - јавен капитал во вкупен износ од 6.928 илјади денари (2017 година – 11.121 илјади денари). Според сметководствената евиденција, оваа позиција е проценета во вкупен износ од 1.110 илјади денари во 2018 година (2017 година – 11.121 илјади денари).

Република Северна Македонија
ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР

ул. „Васил Ѓоргов", бб
1000 Скопје
тел.: 02/3216-299
факс: 02/3228-866
ЕДБ: 4080009507394
Трезорска сметка: 160026150660319 НБРСМ

www.dic.edu.mk e-mail: dic@dic.edu.mk

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
СКОПЈЕ - SHKUP
Примено / Pranuar me: 25.01.2020
14-187/1

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР
QENDRA SHTETËRORE E PROVIMEVE
Бр.-Nr. 03-81/1
21.01.2020 год.-viti
Скопје-Shkup

До
*Државниот завод за ревизија*
*на Република Северна Македонија*
*Палата „Емануел Чучков"-Ул.„Јордан Мијалков"-Скопје*

**Предмет:** *Забелешки на нацрт извештајот за извршена ревизија*
**Врска:** *Нацрт извештај бр.14-109 од 18.12.2019 година*

Почитувани,

По прием и разгледување на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиките извештаи и ревизија на усогласеноста за 2018 година на ДИЦ и тоа: сметка на основен буџет бр.14-109/3 од 18.12.2019 година и сметката на буџет од самофинансирачки активности бр.14-109/4 од 18.12.2019 година, во предвидениот рок ги доставуваме следните забелешки.

Врз основа на Извештајот од Државната ревизија за усогласност за 2018 година на Државниот испитен центар за состојбата која е напишана со податоците кои се доставени за извршениот попис на материјали и нематеријали каде што се појавува проблем поради бришење на податоците од страна на програмерот кој ја одржуваше програмата и не овозможува правилно и точно искажување на состојбата (вистинито и објективно) точно од страна на лицето ангажирано за изготвувањето на Завршната семетка за сметката 603 и 787 не е прифатено поради тоа што сметководството ги искажува податоците кои ги гледа точно и вистинито, а во овој случај тое е невозможно. Што се однесува за приходите и расходите ревизијата самата се увери дека податоците се точни и вистините истите кои се прикажани во Завршната сметка поради тоа што е направен најголем напор. Прекнижување ќе се изврши само врз основа на точни и вистинити податоци зад кои секој сметководител стои.

Со почит,

ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР
ДИРЕКТОР
Д-р Лидија Ѓошевска

# Одговор
# на забелешки на
# Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор

На состојбите утврдени во Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2018 година, од страна на одговорното лице на Државниот испитен центар директор д-р Лидија Ѓошевска добиени се забелешки бр. 03-81/1 од 21.01.2020 година на Нацрт извештаите за сметката на основен буџет и сметката на буџет на самофинансирачки активности . Истите во Државниот завод за ревизија се заведени под број 14-187/1 од 28.01.2020 година.

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

**Сметка на основен буџет (603)**

1. Забелешката на констатираните состојби за нереално искажување на материјалните и нематеријалните средства **претставува известување** за причините поради кои е оневозможено правилно и точно искажување на состојбите поради бришење на податоци за материјалните и нематеријалните средства од страна на програмерот, кој ја одржувал програмата. Од тие причини не се извршени корекции во сметководствената евиденција и во финансиските извештаи.

**Сметка на буџет од самофинансирачки активности (787)**

2. Забелешката на констатираните состојби за нереално искажување на состојбите на средствата и обврските во сметководствената евиденција и Билансот на состојба на 31.12.2018 година, **претставува известување** за причините поради кои е оневозможено точно искажување на состојбите на средствата и обврските (парични средства, побарувања од вработените, побарувања од државата и други институции, други активни временски разграничувања, краткорочни обврски спрема добавувачите, обврски за даноци и придонеси), поради бришење на податоци од страна на програмерот, кој ја одржувал програмата. Од тие причини не се извршени корекции во сметководствената евиденција и во финансиските извештаи.

*Ревизорски тим:*
*1.* ______________
*2.* ______________

*Овластен државен ревизор*
______________